Врз основа на член 19 став (1) точка 11) од Законот за ревизија ('Службен весник на РМ' бр. 158/2010, 135/2011, 50/2012, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15 192/15, 23/2016 и 83/2018), а во врска со член 25 и член 51 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на РМ (ИОРРМ), Управниот одбор на ИОРРМ, на предлог на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги, на седницата одржана на 04.06.2020 година ја усвои следната

## ГОДИШНА ПРОГРАМА

### за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за 2020 година[1]

1. Годишната програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги (во натамошниот текст: комисијата) за 2020 година, се изработува врз основа на надлежностите на комисијата уредени со Статутот на ИОРРМ.

2. Годишната програма за работа на комисијата ги содржи следните активности:

   - Придржување до целите на Акцискиот план кој се доставува до IFAC за имплементирање на ефективна и ефикасна програма во согласност со СОЧ1[2].
   - Подготвување на Годишниот Извештај за наодите од извршените контроли во периодот 2019/2020 година и доставување на Управниот одбор.
   - Подготвување на општи статистички податоци за екстерна комуникација.
   - Подготвување на презентација во рамките на организиран посебен настан за едукација, за наодите, заклучоците и препораките од проверките на контролата извршени во периодот 2019-2020.
   - Измени и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и на овластен ревизор – трговец поединец, по потреба.
   - Подготвување на циркуларни писма од областа на примена на стандардите за ревизија прифатени во Република Северна Македонија, по потреба.
   - Ажурирање на методологијата за начинот и постапката на контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и на овластен ревизор – трговец поединец, доколку има потреба.

---

[1] Проверките на контрола на квалитетот за 2020 година ќе се одвиваат во период од 01.09.2020 до 30.06.2021

[2] Statement of Membership Obligations

*На 17.07.2020 година, СУНРРСМ даде согласност на Годишната програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги за2020 година*

- Подготвување и усвојување на Годишниот план за контрола на квалитетот за 2020/2021 година, вклучувајќи и термински план.
- Следење на спроведувањето на Годишниот план за контрола на квалитет за 2019/2020 и Годишниот план за контрола на квалитет за 2020/2021 година, вклучувајќи го и терминскиот план и квартално известување за спроведените контроли по барање на СУНРРМ.
- Согласно наодите од контролата на квалитетот, доставување на информации и предлози до Комисијата за образование, обука и публикации за цели на дизајнирање на план и програма на обуки.
- Други прашања поврзани со контролата на квалитет.

3. Оваа Годишна програма стапува во сила со денот на нејзиното усвојување од страна на Управниот одбор на ИОРРМ, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РСМ.

***Драган Димитров***
***Претседател на ИОРРМ***

*На 17.07.2020 година, СУНРРСМ даде согласност на Годишната програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги за2020 година*